РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 02-832/1
06-03-2026 20
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19 и 121/24 ), а во врска Етичкиот кодекс на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија бр. 01-2027/1 од 09.07.2025 година, министерот за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ

## за формирање на Етички комитет и назначување на Повереник и Заменик повереник за етика

1. **Предмет**

1.1 Со ова решение се формира Етички комитет и се назначуваат членови на Етички комитет, Повереник за етика и Заменик повереник за етика, како и се одредуваат нивните задолженија во насока на спроведување на Етичкиот кодекс на вработените во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Министерството и Армијата).

2. **Повереник за етика, Заменик повереник за етика и членови на Етички комитет**

2.1 За **повереник за етика** се определува **Бојан Анастасов** од Кабинет на министерот во Министерство за одбрана.

2.2 За **Заменик повереник за етика** се определува **потполковник Сузе Илиевска** од ВП 2803/80 Скопје.

2.3 За членови на Етички комитет се определуваат:

- **Сашко Јовановски – претседател** (Директорат за политика и планирање, кризен менаџмент и цивилно воена соработка, Министерство за одбрана);
- **потполковник Весна Наумоска – заменик претседател** (ВП 2803/70 Скопје);
- **Филип Анастасов – член** (Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука, Министерство за одбрана);
- **Алма Куртовиќ – член** (Сектор за поддршка, Министерство за одбрана);
- **капетан Даниела Галевска Поповска – член** (ВП 2803/40 Скопје);
- **капетан Марина Ѓорѓиева – член** (ВП 2990 Скопје) и
- **главен наредник Христина Бошковска – член** (Независен синдикат на одбраната).

3. **Задолженија**

3.1 Се задолжува Повереникот од точка 2.1 да ги преземе следните активности:

- да ја следи примената на Етичкиот кодекс;
- да укажува и презема мерки во случај на неетичко однесување и повреда на утврдените етички стандарди и правила;

- да врши прием на пријави за неетичко однесување и постапување на вработените во Министерството и Армијата;
- да отпочне постапка за испитување на основаноста на пријавата;
- да ја проследи пријавата за неетичко однесување до членовите на Етичкиот комитет;
- квартално и по потреба да ги известува авторитетите во Министерството за примената на Етичкиот кодекс.

3.2 Се задолжува Етичкиот комитет од точка 2.2 да ги преземе следните активности:

- да ги разгледа пријавите за неетичко однесување;
- да дава одговор на пријавите;
- да предлага мерки во случај на неетичко однесување;
- да изработува извештаи и анализа за работа на Етичкиот комитет;
- да води редовно и да ажурира наменска база на податоци за пристигнатите пријави;
- да соработува со сите организациони единици во Министерството, Армијата и Воената академија при спроведување на постапката за испитување на основаноста на пријавата.

3.3 Во случај на отсуство на Повереник за етика, неговите задолженија ги презема Заменик Повереникот за етика.

3.4 Се задолжува Етичкиот комитет да изработи интерна процедура за утврдување и уредување на начинот на работа и постапување со пријавените случаи на неетичко однесување во Министерството и Армијата.

## 4. Влегување на сила

4.1 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Марија Тренчиќ Костески
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: Елизабета Чуповска Ристова

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Владо Мисајловски**

Доставено до:
- Повереник за етика, заменик Повереник за етика и членови на Етичкиот комитет (копија бр.1);
- Кабинет на НГШ (копија бр.2);
- Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука (копија бр.3) и
- Архива (примерок бр. 1).

Електронска достава до (за информирање)
- Кабинет на министерот за одбрана;
- Заменик министер за одбрана;
- Државен секретар;
- Државните советници;
- Сите организациони единици во Министерството за одбрана и
- Воена академија.